ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија б.б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 041
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Цена и начинот на уплата за издавање, замена на загубена или оштетена како и за повторно активирање на блокираната електронска картичка за здравственото осигурување

Почитувани,

Ве известуваме дека Правилникот за висината на трошоците за издавање, замена на загубена или оштетена и за повторно активирање на блокираната електронска здравствена картичка за здравственото осигурување, како и начинот на нивното плаќање е донесен од страна на Министерството за здравство и е објавен во („Службен весник на Република Македонија" бр.68/2012)

Според член 3 од Правилникот, висината на трошоците за издавање на електронска картичка за здравственото осигурување изнесува 250,00 денари.

Висината на трошоците за издавање на електронска картичка за здравственото осигурување за невработени лица ,пензионери со нето пензија до 15.000,00 денари, самохрани родители и деца без родители и родителска грижа до 18 години, како и за лицата осигурени преку нив изнесува 100,00 денари.
Лицата кои се корисници на социјална парична помош и членовите на нивните семејства и лицата корисници на постојана парична помош се ослободени од трошоците.

Висината на трошоците за замена на загубена или оштетена електронска картичка за здравственото осигурување за сите осигурени лица изнесува 250,00 денари.

Висината на трошоците за повторно активирање на блокираната електронска картичка за здравствено осигурување, изнесува 100,00 денари.

Невработените лица, пензионерите со нето пензија до 15.000,00 денари, самохрани родители и деца без родители и родителска грижа до 18 години, како и за лицата осигурени преку нив, исто така и за лицата кои се корисници на социјална парична помош и членовите на нивните семејства и лицата корисници на постојана парична помош се ослободени од трошоците за повторно активирање на блокираната електронска картичка за здравствено осигурување.

Уплатата на средствата за електронска здравствена картичка треба да се врши на доле наведената сметка:

Примач: Трезорска сметка
Фонд за Здравствено осигурување на Македонија
Банка на Примач: НБРМ
Сметка: 100000000063095
Сметка на буџетски корисник: 660026001166012
Приходна шифра: 723819
Програма: 00

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија б.б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 041
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

За веќе прибраните и обработени барања за ЕЗК во нашите подрачни служби при подигање на готовите електронски здравствени картички потребно е да се достави :

- писмено овластување од обврзникот за пресметка и уплата на придонесот за здравствено осигурување за службеното лице кое го поднело групното барање
- доказ за уплатен износ (поединечна уплатница) за секое лице наведено во барањето со дефиниран износ за уплата, доколку станува збор за обврзник со помал број на вработени.
- доказ за уплатен износ за група на осигурени лица (уплатница, извод од сметка) заедно со список на лица со име и презиме и вкупен број (потпишан од овластеното лице) за кои е извршена уплатата, доколку станува збор за обврзник со поголем број на вработени.